# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2010

**СОДРЖИНА**

**ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАИ……………………………………….............................................. 2-38**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ………………………………………………………………………………. 40-55**

## ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И МЛАДИ

### Програма за образование на Роми

**Имплементатор/и:** ФИООМ во партнерство со 5 локални ромски НВО: *Врама си* и *Кхам* - Куманово, *Помош за хендикепираните и сиромашните* - Прилеп, *Сончогледи* и *Дендо вас* – Скопје.
**Донатор/и:** Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), ФИООМ и Ромскиот образовен фонд

Проектот за образование на Роми (ПОР) ја заврши шестата (2009/10) и навлезе во последната година од спроведувањето. Истиот обезбедува сеопфатна образовна поддршка со цел да се зголеми стапката на задржување на ромските деца во училиште и да се подобри успехот што го постигнуваат на ромските деца. ПОР успешно се спроведува во насока на постигнување на претходно утврдените цели на проектот.

*Компонента за претшколско образование* – Програмата обезбедува образовна поддршка за 234 деца на претшколска возраст, со цел да ги подготви за на училиште (74 од нив се на возраст за запишување во основно училиште). Преку активностите спроведени од страна на петте Ромски образовни центри (РОЦ) во Скопје, Прилеп и во Куманово, овие деца развиваат социјални и когнитивни вештини, културни и хигиенски навики, учат македонски јазик и се стекнуваат со основни познавања од математиката.

*Компонента за основно образование* – Вкупно 971 ученик од прво до осмо одделение во основно училиште добиваат секојдневна директна вонучилишна поддршка за пишување на домашните задачи, туторство за конкретни предмети, курсеви за англиски јазик и компјутери, креативни и други работилници што ги организираат Ромските образовни центри. Бројот на директните корисници во 2010 година се зголеми за 131 ученик од 3 дополнителни проектни училишта, едно во Скопје и две во Куманово. Вклученоста на родителите и врската меѓу ромските семејства и училиштата ја обезбедуваат РОЦ, преку посети во домовите, редовни месечни состаноци со родителите, како и преку образовни работилници и други активности наменети за родителите. 94,10% од редовните посетители на РОЦ (ученици од петто до осмо одделение) успешно го завршија соодветното одделение во школската 2009/10 година и продолжија во следното.

*Компонента за средно образование* -_Во текот на школската 2009/2010 година, вкупно 98 (од 102 ромски средношколци во трета година, со просек од најмалку 3,0, кои беа вклучени во пограмата за минатата година) од 40 училишта во 21 град во РМ продолжија да добиваат стипендии и менторство во училиштето од страна на 52 ментори кои се наставници во средните училишта. 65 стипендисти посетуваат куресви по англиски јазик во 15 градови низ земјата и сите добија сертификати за успешно завршување на курсот. 20 средношколци добија дополнителна подготвителна обука за полагање матура по англиски јазик, додека 7 средношколци добија дополнителни подготвителни часови за полагање матура по математика. Сите 98 стипендисти успешно ја завршија четвратата година и се здобија со дипломи за завршено средно училиште. Ова претставува 96,08% од иницијалната група ученици за интервенција, составена од 102 средношколци.

*Компонента за високо образование* –_35 универзитетски студенти добиваат стипендии за да го покријат туторството и другите студиски трошоци, 15 студенти кои користат или не користат стипендии добија туторство за 23 предмети, што го обезбедија 15 тутори; 67 студенти учествуваат во 5 работилници на различни академски теми.

## Проект за образование на Роми – Детска фондација Песталоци

**Имплементатор/и**: ФИООМ
**Донатор/и**: ФИООМ и Детската фондација Песталоци
**Партнер/и**: 3 локални ромски НВО: Врама си – Куманово, Помош за хендикепираните и сиромашните – Прилеп, Дендо вас – Скопје.
**Цел:** Пристап до еднакви образовни можности за ромските деца во 4 општини во Македонија, преку подобрен успех и стапка на задржување, вградување на меѓукултурно образование во наставата во 6 партнерски училишта, идентификување на бариерите за уживање на правото на образование и воведување инструменти за застапување и лобирање, како и зајакнување на локалните партнерски организации за поуспешно спроведување на нивните стартегиски планови.

Извештајот од евалуацијата во 2010 година покажа дека едно од најголемите постигнувања на проектот е зголемениот број ромски деца кои имаа пристап до образование (таргетираните учесници беа директно или индиректно вклучени во различни активности и го подобрија нивниот успех, преку зголемување на своето знаење во конкретни области, преку социјализација со стари пријатели, стекнување нови пријателства и запишување во средно образование). Најодржливата активност на проектот е развојот и спроведувањето на интеркултурни содржини во рамките на неколку предмети од проектните училишта.

Некои од бариерите за уживање на правото на образование за сите деца во Македонија (со фокус на оние кои се соочуваат со ексклузија), беа идентификувани преку подготовка на *„Коментари за уживањето на правото на образование со посебно нагласување на образованието за ромските деца“,* кои беа подготвени и поднесени до *Комисијата за правата на детето при ОН.* Друг документ беше изготвен во рамките на проектот *„Истражување на причините за нередовното присуство на ромските деца во основните училишта“,* коешто беше јавно презентирано и споделено со различни засегнати страни. Капацитетите на локалните партнери за спроведување на нивните стратегиски планови беа зајакнати преку обуки за кадарот на локалните НВО, и тоа за: *систематизација на плати, лидерство, комуникациски вештини и односи со јавноста и пишување ефективни документи за јавните политики.*

## Политиките на ЕУ и македонското образование

**Имплементатор**: ФИООМ
**Донатор/и**: ФИООМ
**Партнер/и:** осамостоената организација на ФИООМ – *Метаморфозис,* експерти и специјалисти за образование
**Цел:** да се зајакне и да се поддржи европската перспектива на македонското образование, да се застапува за образовни политики кои се базираат на информации и докази и кои се водат од принципите за еднаквост, квалитет и еднакви можности.

Во соработка со НВО Метаморфозис, ФИООМ изготви две истражувања: (1) *„Постоењето и ефективното користење на ИКТ“* и (2) *„Е-содржините во образованието“.* Овие истражувања ги разгледуваат ефектите на компјутеризацијата во наставниот процес во училиштата. Наодите покажуваат многу недоследности и пропусти во компјутеризацијата на училиштата, недоволно и несоодветно користење на ИКТ и на дигиталните образовани содржини во процесот на наставата и учењето, недостиг на соодветен професионален развој

на наставниците, како и недостиг од инклузивни и транспарентни политики и стратегии за користење на ИКТ во образованието во училиштата, и на локално и на централно ниво.

ФИООМ иницираше и објави анализа за трендот на зголемување на бројот на дисперзирани студиски програми ширум земјата. Врз основа на деск-истражување и повратни информации од студентите преку теренско истражување, анализата со наслов *„Квалитетот на високото образование под прашалник – дисперзирани студиски програми како македонски феномен“* ги истражуваше и ги анализираше различните аспекти и несаканите ефекти од овој владин проект, и обезбеди препораки за натамошни акции. Бидејќи овие студии им беа наметнати на универзитетите, без соодветна анализа на потребите на пазарот на трудот и без друга сериозна анализа и дискусија, проектот почна и се спроведуваше без соодветни финансиски, инфраструктурни и човечки ресурси. Ова не е сообразно со принципите од Болоња и сериозно го става под прашање квалитетот на македонското високо образование.

ФИООМ почна да работи на *„Инвентар на македонското образование во транзиција (1991–2011)“,* чијашто цел е да собере и да даде резиме на клучните образовни политики (закони, стратегиски документи, концепти) и проекти иницирани и/или спроведени во овој период. До крајот на 2010 година, ФИООМ собра мешан тим од експерти и почна да работи на *„Анализата на историските читанки за основно образование“.*

### Образование за сиромашни

**Имплементатор**: ФИООМ
**Донатор/и:** Соросовиот ургентен фонд
**Партнер/и**: *Министерството за образование и наука на РМ, основните училишта и локалните општини*
**Цел**: да се намалат ефектите од економската криза врз македонските семејства кои се однесуваат на трошоците за школување на децата.

Во август 2009 година, ФИООМ доби 742.800 евра од Соросовиот ургентен фонд за да го спроведе двегодишниот проект за поддршка на учениците во основното образование (на возраст од 6 до 15 години) преку обезбедување на најпотребните дидактички и други училишни материјали/прибори (тетратки, блок, хартија, боици, мапи, итн.). Спроведувањето на проектот е поддржано преку потпишан меморандум за соработка со *Министерството за образование и наука* на почетокот од проектната интервенција во 2009 година.

Вкупно 39.347 прибори со најпотребните училишни материјали и 19.643 школски ранци беа донирани за околу 19.700 ученици од I до VIII одделение во 309 основни училишта од 85 општини во Македонија. Етничкиот состав на учениците што ја примија оваа донација е следниов: 43% се Македонци, 32% се Албанци, 11% се Роми, 4% се Турци, 3,5% се други и 7,5% не ја навеле својата етничка припадност.

Беше воспоставена редовна комуникација со училиштата, со цел да се соберат релевантни податоци за примателите на донацијата. Проектниот персонал секојдневно комуницираше преку телефон, е-пошта и по пошта, додека од страна на училиштата немаше никакви поголеми пречки во однос на дистрибуцијата на училишните материјали до учениците. ФИООМ ги собра следниве информации за секој примател на донација од сите училишта: име

на ученикот примател на донацијата, одделение, етничка припадност, име на родител и потпис со кој се потврдува дека донацијата била примена.

### Младите за отворено општество – локални младински иницијативи

**Имплементатор**: *Младински образовен форум* во партнерство со 12 локални НВО
**Донатор/и**: ФИООМ
**Цел:** главна цел на проектот е да понуди алтернативен простор и содржина за македонската младина и да обезбеди можност за активно вклучување во промоцијата на вредностите на отвореното општество. Освен тоа, тој има за цел да иницира нивно активно вклучување во креирањето на младинските политики и принципи коишто се тесно поврзани со нивните потреби.

Во 2010 година, мрежата на постојните 13 младински клубови беше проширена со ново-отворениот центар во Тетово. Беа организирани вкупно 15 јавни настани ширум земјата со учество на повеќе од 3.000 млади. Во рамките на *Академијата за слобода на младите 2010,* беа организирани различни работилници кои им беа понудени на 160 средношколци, додека на *Меѓународниот турнир за отворена дебата во Македонија 2010* учествуваа 200 дебатери од Македонија и од земјите од Балканот. Најдобриот дебатер од Македонија учествуваше на меѓународните турнири во Хрватска, Словенија и во Босна и Херцеговина.

*Младинскиот образовен форум* во соработка со *Реактор – истражувачи во акција* спроведе истражување (меѓу 3.607 средношколци од 13 градови кои учествуваа во анкетата и во фокус групите) за 5 области: доверба во институциите; социјална инклузија; граѓанско учество; образование; вонучилишни активности. Неверојатните наоди од истражувањето беа презентирани во публикација со наслов *„Капитулција, конфузија или отпор: социјалниот капитал на македонските средношколци“.*

2010 беше обележана со јавни настани кои предизвикаа голем интерес меѓу учениците, граѓаните и националните печатени и електронски медиуми. На првиот настан одржан во Битола *„Тука сме, многу сме, не прифаќаме НЕ“,* повеќе од 150 средношколци испратија порака до државните и до локалните власти и институции дека гласот на младите мора да се слуша и да се почитува. Вториот настан беше одржан во Велес под наслов „45% од младите сакаат да ја напуштат Македонија“. Повеќе од 200 средношколци маршираа по улиците и бараа од властите да размислат каква иднина ѝ обезбедуваат на својата младина.

### Проект за младинска независност

**Имплементатор**: *Младински образовен форум (МОФ)*
**Донатор/и**: Соросовиот ургентен фонд
**Цел:** Генералната цел на двегодишниот проект за младинска независност е да придонесе за поголем активизам и учество на младите, преку поддршка и промоција на финансиската, политичката и културната автономија на младите луѓе. Ова ќе се постигне преку инвестирање во знаењето и вештините на младите, зголемување на можностите за вработување, преку настани и создавање на одржливи ресурси за квалитетен социо-културен живот на студентите и негување на младинскиот активизам и учество.

Проектот ја постигнува оваа цел преку здружување на расположливите ресурси и експеризата на МОФ и 3 локални НВО во неформална мрежа на „младински центри“. Младински центри беа воспоставени во 5 универзитетски градови во Македонија (Скопје, Тетово, Струга, Битола и Штип). Младинските центри се залагаат за две компоненти:

***(1) „Развој на меки вештини за поддршка на образованието“*** – обезбедува образование и обука за меки вештини, кои се од суштинско значење за да се биде конкурентен на пазарот на работа. Наменети се за апсолвенти и скоро-дипломирани студенти кои доаѓаат од средните и од ниските социјални кругови. При селекција на учесниците, се земаат предвид и еднаквите можности од аспект на етничката припадност, родот, возраста и посебните потреби.

(***2) „Програма за младински активизам и учество“*** – студентски ресурсни центри каде што студентите и младите имаат можност да се вклучат во три вида клубови: вербал-кластер, е-кластер и арт-кластер. Една од примарните функции на младинските центри е канцеларијата за поддршка на студентите (советодавна канцеларија за кариера), која служи како ресурсна точка за младите *кои бараат работа,* од аспект на обука за кариера, дисеминација на информации, поддршка за аплицирање, итн.

Во 2010 беа организирани 7 обуки за обучувачи и работни групи, со повеќе од 30 обучени обучувачи; 280 студенти учествуваа во сите модули од обуката за меки вештини; 200 студенти и дипломци ги користеа услугите на советодавните центри за кариера; 180 студенти учествуваа во 10 обуки и симулации организирани од страна на советодавните центри за кариера; 19 јавни настани беа организирани од страна на локалните центри и членовите на клубовите за младински прашања во Македонија, со повеќе од 1.000 учесници; во рамките на проектот беше воспоставена соработка со 10 НВО, 2 општини и 3 универзитети; беа објавени повеќе од 40 стории и интервјуа во 27 национални и локални медиуми (ТВ, радио, весници, прилози кон весници итн.).

## ПРОГРАМА ИСТОК ИСТОК: Прекугранични партнерства

Програмата Исток-Исток: Прекугранични партнерства ја поддржува меѓународната соработка меѓу граѓанското општество и невладините организации со цел размена на искуства, експертиза и знаење во насока на промоција на принципите на отвореното општество на меѓународен план.

Оваа програма е уникатен ресурс и методологија за поддршка на граѓанското општество и на невладините актери. Таа се спроведува од страна на 23 Соросови фондации со седиште во Албанија, Азербејџан, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грузија, Ерменија, Естонија, Казахстан, Киргистан, Косово, Летонија, Македонија, Молдавија, Монголија, Полска, Романија, Србија, Словенија, Таџикистан, Турција, Украина, Црна Гора и во Република Чешка. Во Словенија, Русија, Литванија, Хрватска и во Унгарија, програмата се спроведува преку институционалните партнерски организации.

Програмата доделува финансиска поддршка за реализација на прекугранични иницијативи коишто имаат за цел да ја поттикнат меѓународната размена. Исто така, таа ги покрива директните трошоци за организација на меѓународни настани во Македонија и за учество на претставници од Македонија на настани што се организираат во странство.

Дополнителни информации можат да се најдат на следниов веб-сајт:
www.soros.org/initiatives/east

Во 2010 година, Програмата Исток-Исток: Прекугранични партнерства работеше на следниве прашања:

- Недостигот од информирана отворена дебата и ниската јавна свест за корените, формите на појава и опасностите за демократијата како резултат на практикувањето на авторитарните и популистички политики;
- Ограниченото знаење и капацитети на актерите од граѓанското општество за ефикасно и ефективно учество во дизајнирањето на социјално исправни политики и за мониторинг на нивното спроведување во согласност со меѓународните/ЕУ критериуми и вредности;

**Иницијативи/настани поддржани во Македонија (активности организирани во земјата)**

**Отворање дијалог и развивање на односите меѓу тинк-тенк организацијата во Македонија, Косово и во Албанија**

Главна цел на проектот беше да ја потенцира статус кво ситуацијата ѝ уште нерешените прашања меѓу земјите-соседи. Заедничките предизвици на полето на академската, културната, медиумската и невладината соработка меѓу релевантните актери од Македонија, Косово и Албанија беа презентирани и анализирани на еднодневната иницијална дебата организирана од страна на ФОРУМ – Центар за стратегиски истражувања и документација (јуни 2010 година, Скопје), во партнерство со Косовскиот институт за политички истражувања и развој од Приштина и Албанскиот институт за медиуми од Тирана. Партнерите ја истражија можноста за граѓанско учество во одржувањето на мирот и стабилноста во регионот како предуслов за добро-соседските односи. Учесниците ја подвлекоа потребата од заеднички напори со цел да се создаде и да се одржува климата на заемна доверба и разбирање, за да се гарантира европската перспектива на регионот. Беше заклучено дека е потребен креативен приод за да се создадат нови врски и да се обезбеди поддршка за граѓански прекугранични контакти кои ќе придонесат за ЕУ перспективите на овие три балкански земји. Интеграцијата во ЕУ, борбата против организираниот криминал и корупцијата, промоцијата на мултикултурализмот, борбата против говорот на омраза и популизмот, истражувањето на улогата на религијата во развојот на општеството и улогата на жените во демократизацијата на земјите од Западен Балкан беа наведени како теми коишто можат понатаму да се истражуваат. Во 2011 година, проектот продолжува со организација на дебати во Тирана и во Приштина.

**Иновативни модели за признавање на неформалното образование во младинскиот сектор**

Проектот има за цел да го подобри квалитетот на образованието во Република Македонија преку трансфер на знаења и практики за стандардизација на неформалното образование на младите. Носителот на иницијативата, Младинскиот културен центар од Битола, организираше младинска конференција (октомври 2010 година, Битола) на која беа презентирани и се дискутираше за регионалните и за искуствата во ЕУ во поглед на развивањето на националните инструменти за признавање на неформалното образование како алатка за интеграција на младите. Презентирани беа успешните модели и кампањи за односи со јавноста, посветени на

унапредување на социјалното признавање на младинската работа. Беше промовирана сертификацијата на неформалното образование како инструмент за намалување на невработеноста меѓу младата популација во Македонија и во поширокиот регион. Потребни се дополнителни напори за признавање на различните форми на неформално образование како модели за самовработување на младите. Детално се дискутираше и за доживотното учење, образованието за возрасни, националните стратегии за подобрување на неформалното образование, мобилноста на младите и можноста за унифицирање на сертификацијата на неформалното образование за млади. Беше воспоставена регионална неформална младинска мрежа, која ќе иницира заеднички регионални активности за застапување, со цел да се поддржат регионалните иницијативи што промовираат развој и подобрување на неформалното образование за млади.

**Граѓанските организации како контролен механизам во акциите против нелегеалната трговија со луѓе**[1]

*Центарот за граѓански иницијативи* од Прилеп спроведе регионална иницијатива којашто имаше за цел да се иницира создавањето регионални и национални структури за мониторинг на спроведувањето на националните механизами за упатување против нелегалната трговија со луѓе. Проектот беше спроведен во три фази, заедно со партнерските организации од Грција, Косово, Србија и од Албанија, коишто изготвија заедничка методологија и ефективни техники за мониторинг на политиките и на активностите против нелегалната трговија со луѓе. Посебно внимание беше посветено на превентивната работа со ранливите групи. Се направи анализа и споредба на националните законодавства, правните услуги и националните акциони планови. Беше изготвен нацртот на регионална стратегија за борба против нелегалната трговија со луѓе, која се базира на искуствата од ЕУ и на релевантните меѓународни конвенции за заштита на човековите права и против нелегалната трговија со луѓе.

Главните препораки од завршната регионална конференција (февруари 2011 година) треба да придонесат за поголема транспареност и зголемена одговорност на националните власти во спроведувањето на националниот механизам за упатување во Македонија и во земјите од Балканот. Учесниците ја нагласија потребата за зголемување на ефикасноста и подобрување на механизмите и постапките за заштита на жртвите на нелегалната трговија со луѓе, во согласност со законодавството на ЕУ, ОБСЕ и стандардите на Меѓународната организација за миграција. Беше презентиран и „Извештај од проценката на потребите“, кој ќе биде публикуван на четири јазици[2].

Беа зајакнати институционалните капацитети и вештините за мониторинг на политиките против нелегеалната трговија со луѓе на мониторинг-организациите кои се учесници во оваа иницијатива и беше воспоставено прекугранично партнерство на граѓанските организации.

**Прекугранична соработка на новинарите и граѓаните во борбата против говорот на омраза: Македонија и Бугарија**

[1] Проектот беше поддржан од ФИООМ, Комисијата на Европската унија (ИПА фонд) и Балканскиот фонд за демократија.
[2] Македонски, српски, албански и англиски јазик.

Овој билатерален проект имаше за цел да воспостави прекуграничен форум за мониторинг и следење на јавните случаи на говор на омраза меѓу Македонија и Бугарија. Беше изготвена методологијата за мониторинг и беа идентификувани случаи на непријателска и навредлива комуникација во медиумите. Оваа иницијатива беше спроведена во две фази од страна на партнерските организации: Центарот за развој на медиуми од Скопје и Центарот за радиодифузна обука ПроМедиа од Софија.

Во првата фаза (септември 2010 година, Банско и ноември 2010 година, Маврово) беше изработена унифицирана методологија за истражување, со која се идентификуваат и анализираат корените, појавата и причините за случаите на говор на омраза. Мониторинг тимовите се фокусираа на случаи на стереотипизирање во традиционалните и во новите медиуми во Македонија и Бугарија во периодот 20 јули – 20 август 2010 година и лоцираа само неколку нископрофилни случаи на говор на омраза. Партнерите изготвија унифицирани рамки за националните извештаи и подготвија заеднички препораки за медиумите и за граѓанското општество.

Во финалната фаза, во Софија и во Скопје (февруари 2011 година) беа презентирани извештаите од мониторингот, заедно со препораките. Новинарите, креаторите на јавното мислење и активистите на граѓанското општество имаат активна улога во напорите за елимирање на генерализацијата, стигматизацијата и негативниот и нетолерантниот начин на информирање на јавноста во двете земји-соседи.

**Годишен состанок на координаторите на програмата Исток-Исток**

Во јуни 2010 година во Охрид, ФИООМ беше домаќин на годишниот состанок на координатори и партнери во програмата Исток-Исток: Прекугранични партнерства. Примарната цел на годишниот состанок е да ги анализира постигнувањата и ефектот на иницијативите поддржани во 2009 година и да иницира размена на искуства за да се идентификуваат приоритетите и стратегиите за 2011 година. Се дискутираше и за видливоста на програмата на глобално ниво и за интеграцијата на нови региони и континенти со традиционални општества преку ангажман на програмата Исток-Исток: Прекугранични партнерства.

**Учество на настани организирани во странство**

Во 2010 година, програмата Исток-Исток: Прекугранични партнерства на 55 поединци и една организација им овозможи да учествуваат на вкупно 21 настан организиран во странство.

Беше обезбедена поддршка за претставницитеод Македонија со цел да придонесат во регионалните иницијативи посветени на проценката на здравствените услуги за ромското население, промоцијата на младинскиот волонтеризам и добротворната работа, како и на настани организирани на теми кои ги истражуваат врските меѓу истражувачкото новинарство и организираниот криминал.

Четири претставници од Македонија[3] учествуваа во два прекугранични настани[4] на кои се презентираа домашните позитивни искуства во однос на подобрувањето на пристапот на

[3] Несиме Салиоска, РОМА СОС, Прилеп; Сенад Мемеди, Министерство за здравство; Аида Мустафовска, Ромски здравствен медијатор во општината Шуто Оризари и Мила Царовска, ХЕРА, Скопје.

ромското население до здравствените услуги, со специјален фокус на жените Ромки. Учесниците го објаснија македонскиот концепт за ромските здравствени медијатори, како успешен модел за подобрување на здравјето на Ромите. Група од 13 учесници од различни младински организации од Македонија, предводени од *Центарот за институционален развој – ЦИРа*, присуствуваа на меѓународната младинска конференција[5]. Македонските учесници ја презентираа националната правна рамка за спроведување на Законот за волонтерство, предизвиците за неговото спроведување и успешните модели за планирање, мотивирање и ангажирање волонтери во јавниот, приватниот и во граѓанскиот сектор во Македонија.

Три новинари и истражувачи[6] учествуваа на меѓународната конференција[7] посветена на истражувачкото новинарство, корупцијата и организираниот криминал. Учесниците ги презентираа домашните негативни искуства од мониторингот на медиумското покривање на корупцијата во Македонија, и ги споделија успешните истражувачки приказни поврзани со корупцијата и организираниот криминал.

## ПРОГРАМА ЗА ИНФОРМАЦИИ

### Активна граѓанска партиципација преку употреба на нови технологии

**Имплементатор:** Метаморфозис
**Донатор/и:** ФИООМ
**Цел:** Цел на проектот е зголемување на капацитетот на граѓанскиот сектор (НВО, неформални групи и активисти) да им служат на своите заедници на полето на активно граѓанско учество преку примена на иновативни нови технологии за зголемување на транспарентоста и отчетноста на инстутициите кон граѓаните.

Проектот има две компоненти: развој на софтверски решенија – алатки и овозможување на НВО да ги користат во пракса преку пренос на знаења и формирање мрежи, коалиции и онлајн-заедници.

Во соработка со Викимедија Македонија, НВО која е дел од глобалната мрежа и ја администрира Википедија на македонски јазик беше развиена платформата http://wiki.mk чија намена е одржување вики-сајтови насочени кон информирање за одредени територијални целини, како и наставен план и упатство за користење на вики-софтвер наменети за активисти/волонтери. Во соработка со локални НВО беа одржани 4 обуки и отворени портали за 3 града: Скопје, Велес и Дебар.

---

[4] Размена на најдобрите практики: подобрување на пристапот до здравствени услуги во ромските заедници, Симперофољ, Кримеа, Украина, јули 2010 година и Мукачево, Транскарпатски регион, Украина, октомври 2010 година.
[5] Поттикнување на волонтеризмот кај младите, декември, Софија, Бугарија.
[6] Герман Филков, Центар за граѓански комуникации; Ана Петрушева, Балканската истражувачка мрежа – БИРН, Скопје и Џелал Незири, новинар во дневниот весник Коха е ре.
[7] Најдобрите практики за прекугранично истражувачко новинарство, декември, Кишињев, Молдавија.

Како резултат на соработката и примена на искуствата на mySociety.org од Британија развиени се ИКТ решенија преку кои се зголемиваат можностите индивидуалните граѓани бараат информации од властите на локално и централно ниво: надградба и проширување на можностите на сервисот http://Popravi.mk наменет за пријавување дефекти и комунални проблеми до општините; како и создавање на „Пиши им“ (http://pisi.im) сервис преку кој граѓаните може да се обратат директно до нивните избрани претставници.

## Социјални медиуми за демократија

**Имплементатор:** Метаморфозис
**Донатор/и:** ФИООМ
**Цел:** Цел на проектот е проширување на вештините за критичко размислување, технички познавања и лидерство во граѓанскиот сектор во Македонија, овозможувајќи им на невладините организации и индивидуалните активисти, особено младите, да почнат да ги користат преку новите медиуми како средство за позитивни општествени промени во врска со одредени важни каузи.

Со цел да се зголемат можностите за активно учество на активистите и НВО во јавниот дискурс беа креирани/надградени следните алатки, со примена на слободен софтвер адаптиран на локалните потреби: интерактивниот агрегатор на локални е-содржини http://Ping.mk (кој дневно прикажува 100-200 нови линкови на 200-500 посетители дневно) и платформата http://Kauza.mk која содржи тематски блогови наменети за застапување на одредени каузи од групи разнородни активисти (31 блог со 60 автори).

Пинг.мк е единствениот локален агрегатор што овозможува интеракција со корисниците (оставање коментари, гласање, предложување линкови) и секојдневно ги прикажува новите линкови од над 425 извори (RSS фидови од блогови, НВО, независни е-магазини, општини...) пренасочувајќи го сообраќајот кон нив со цел да ги мотивира за поголема продукција. Актуелните содржини од локалните блогови беа промовирани и на меѓународно ниво на повеќе јазици преку мрежата Глобал војсис онлајн, зголемувајќи ја нивната моќ на полето на активизам на интернет а со тоа и повратната врска која влијае на мотивација на авторите.

Како дел од активностите за развој на ресурси на интернет беа објавени 5 водичи за онлајн-активизам на два локални јазици (македонски и албански): „Вовед во граѓански медиуми“, „Блогирај за кауза“, „Вкрстено објавување за застапување“, „Геобомбардирање“ и „SEO совети за блогери за застапување“. Потоа беше објавено и печатено издание со компилација од нивните содржини.

Врз основа на наставен план за обуки кој опфаќа и развој на критичко размислување и аргументирано пишување адаптирани за интернет насочени кон младите и во соработка со младински организации (Младински образовен форум - МОФ). Беа спроведени 10 обуки за активизам на интернет за вкупно 127 претставници на НВО од целата земја, како и 3 обуки за користење на социјални медиуми и блогови со вкупно 51 учесник и 2 обуки за дигитално раскажување приказни со 39 учесници. По обуките беа одржани 8 промотивни јавни дебати во различни градови, секоја со по 20-30 учесници. Дополнително, беа спроведени и низа презентации и консултативни средби, како и обуки со водење преку интернет (coaching) за автори од традиционалните (весници и ТВ) и новите медиуми (блогери) за интегрирање на развиените алатки во нивната секојдневна работа, со кои беа опфатени околу 30 лица.

## Приватност на Интернет на лесен начин

**Имплементатор:** Метаморфозис
**Донатор/и:** ФИООМ
**Цел:** Цел на проектот е подигање на свеста на општата јавност и особено на децата за нивните права поврзани со новите технологии и обезбедување знаења за техничките и правните средства за нивна заштита прилагодени на возраста.

Активностите се изведуваат во соработка со Дирекцијата за заштита на лични податоци, Детскиот театарски центар (ДТЦ), ЕУ Инфоцентар и Европски дигитални права - ЕДРИ.

Во рамките на проектот „Приватност на Интернет на лесен начин" досега се изработени 8 детски едукативни игри на различни теми од областа на заштитата на децата и нивната приватност на интернет. Тие се достапни на веб-сајтот Безбедно на интернет на македонски (http://bezbednonainternet.org.mk/igri) и албански (http://www.internetisigurt.org.mk/lojera) јазик. Изработени се и 13 кратки филма на истите теми кои опфаќаат: сајбернасилство, заштита од онлајн-грабливци, плагијат, онлајн-измами, користење безбедни лозинки итн., кои исто така се на двата јазика.

Во текот на проектот се организираа предавања и интерактивни работилници за деца (2 во оу Ацо Шопов) и еднодневни семинари за наставници (гимназија Нова и оу Ацо Шопов), како и медиумски покриени промотивни јавни настани (Одбележување на Европскиот ден за побезбеден интернет во ЕУ Инфоцентарот, Промоција на филмчиња за безбедност и приватност на децата на интернет во Детски театарски центар, делење промотивни материјали на Априлијада), како и онлајн кампања за дистрибуција на стрип-албумот „Под надзор" од ЕДРИ низ Македонија (http://r.ping.mk/comments/u5a). Беше изработено и мини-истражување за навиките на децата поврзани со користење нови технологии (http://r.ping.mk/24d9). Беше остварена и соработка со традиционалните медиуми преку давање изјави и објавување авторски написи за содржини поврзани со проектот во „Нова Македонија" и „Време". Сите активности беа придружени со редовни објави на веб-сајтот bezbednonainternet.org.mk, како и промоција преку социјалните мрежи Фејсбук и Твитер.

Во рамките на проектот беше остварена соработка со Парламентот на РМ преку обезбедување стручна помош за составувањето на Декларацијата за побезбеден интернет, усвоена на 01.03.2010 г. (http://r.ping.mk/24du, http://r.ping.mk/11n5) при што беа промовирани заклучоци против цензура и филтрирање на Интернет.

## Конференција Е-општество

**Имплементатор:** Метаморфозис
**Донатор/и:** ФИООМ, *УСАИД (Проект за е-Влада)*
**Цел:** Цел на проектот е подигање на свеста на носителите на одлуки и креаторите на јавното мислење, како и вмрежување помеѓу сите заинтересирани страни од Македонија и регионот, за најновите случувања на поле на развојот на е-Влада што може да се употребат за зголемена ефикасност на јавната администрација и зголемување на нејзината транспарентност кон јавноста.

Шестата по ред меѓународна конференција е-Општество.Мк на тема „е-Влада за зголемена ефикасност и транспарентност“ беше одржана во Скопје на 01.12.2010. Конференцијата се фокусираше на улогата на системите за е-влада за зголемување на ефикасноста и транспарентноста на јавната администрација, подигнувајќи ја јавната свест и свеста на носителите на одлуки од државните органи и креаторите на јавно мислење од традиционалните и новите медиуми. (http://e-society.mk)

На конференцијата учествуваа околу 200 учесници од земјата и странство, претставници на релевантните владини тела, како и претставници на граѓанскиот и деловниот сектор. Излагања имаа 16 домашни и 3 странски претставници во рамките на 3 работни сесии (споделување најдобри практики, локална е-власт и влада со граѓаните во центарот), како и тркалезна маса на тема „Мултисекторска соработка како клуч за успешно спроведување на е-влада“.

### Отворен пристап

**Имплементатор:** Метаморфозис
**Донатор/и:** ФИООМ
**Цел:** Цел на проектот е зголемување на видливоста на слободно достапните академски (научни и/или образовни) публикации на Интернет преку промоција и агрегирање на трудови објавени според принципите на светското движење за Отворен пристап (Open Access).

Како дел од развојот на ресурси преку адаптација на слободен софтвер и слободно достапни информативни содржини беше објавена верзија на софтверот за складишта со отворен пристап dSpace локализирана на македонски и албански јазик, достапна за бесплатно симнување преку интернет (http://metamorphosis.mk/dspace), како и упатства во текстуален и видео-формат. Исто така беше објавен и веб-сајтот „Дигитални складишта (http://metamorphosis.mk/digitalniskladista) наменет за високо-образовните, истражувачките и воопшто за сите институции кои планираат да воспостават дигитално складиште за архивирање на своите документи, трудови, софтвер, наставни ресурси, мултимедијални фајлови и сл.

За дигање на свеста во 2000 примероци беше испечатен двојазичен постер за придобивките од отворенито пристап за научната заедница и дистрибуиран во 11 академски и образовни институции. Потоа беа одржани воведни јавни 7 презентации на 5 државни и приватни универзитети низ целата земја со вкупно околу 212 учесници, како и низа состаноци со претставници на државните органи (МИОА) и раководствата на универзитетите.

Како резултат, тимови од академските институции учествуваа на серија од 3 обуки, по што на Економскиот институт при УКИМ беше создадено првото стандардизирано складиште за научни трудови со Отворен пристап во РМ (http://depo.ek-inst.ukim.edu.mk). Локализираниот софтвер е инсталиран и се подготвува негова примена од издавачите на уште најмалку 2 стручно-научни е-списанија.

### Балканска мрежа за справување со електронски отпад

**Имплементатор:** Метаморфозис

**Донатор/и**: ФИООМ, *Европска комисија (ИПА)*[8]
**Цел:** Цел на проектот е подобрување на правните и институционалните рамки со кои ќе се придонесе за соодветно раководење со електронскиот отпад (е-отпад) во Македонија, Србија, Хрватска и Бугарија преку зголемување на соработката меѓу сите заинтересирани страни, подигање на јавната свест и градење на капацитетите на еколошките и др. НВО за лобирање, застапување и вмрежување.

Преку Балканска мрежа за справување со електронски отпад формирани се 4 активни национални мрежи со по десетина локални НВО во Македонија, Хрватска, Србија и Бугарија со цел дигање на јавната свест и застапување за соодветно раководење на справувањето со електронски отпад (е-отпад). Членките на мрежите беа избрани преку транспарентни јавни повици по што беа одржани основачки средби во секоја земја.

Во рамките на проектот беа развиени интернет алатки - веб-сајтот http://bewman.eu и профили на социјални медиуми достапни на шест јазици: македонски, албански, српски, хрватски, бугарски и англиски, за поддршка на напорите за застапување, кои нудат информации поврзани со е-отпад на јавноста. Започната е кампања преку социјални медиуми за широка дистрибуција на информациите и придобивките на проектот.

Беше извршена студиска посета на експерти од партнерот од Велика Британија и извршени статистички истражувања во сите 4 балкански земји кои подлежат на стручна анализа со цел искуствата и најдобрите практики од оваа област од ЕУ соодветно да се адаптираат на локалните услови, со што ќе се овозможи усогласување со релевантните Директиви. Беа развиени материјали за обука и застапување и спроведена обука за обучувачи за претставници на сите партнери – лидери на национални мрежи.

Дополнително, во Македонија е воспоставена синергија со НДИ, Собранието на РМ и Министерството за животна средина и просторно планирање за примена на резултатите од проектот и организирање активности за активно граѓанско учество при изработката на Законот за електронски и електричен отпад, при што во септември 2010 г. беше одржан јавен брифинг во рамки на 55 седница на собраниската Комисија за транспорт, врски и екологија (http://is.gd/Z5rO57).

Активностите на проектот продолжуваат во 2011 преку обуки на активисти од НВО од националните мрежи, спроведување на активности за дигање на јавната свест од нивна страна во нивните локални средини, како и одржување завршна конференција во Македонија, планирана за ноември. Во февруари, проектот беа претставен и на настанот „Застапување за подобри политики за раководење со е-отпад" во Брисел, дел од програмата на ЕУ Pople-to-People (http://is.gd/N7mUzH).

## ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВСТВО

Во периодот 2009–2010 година, **Програмата за јавно здравство** ги имаше следниве цели:

[8] За двете години – 2010 и 2011.

- збогатување на образовните процеси и практики на здравствените и на правните работници преку имплементација на интегриран концепт за право и здравство кој промовира недискриминирачки услуги и заштита на правата на социјално маргинализираните групи;
- зајакнување на капацитетите на активистите за човековите права за мониторинг и известување во поглед на спроведувањето на законите, политиките и практиките, вклучително и градењето на капацитети за водење парници во случаи на прекршување на човековите права, со цел да се постигне отчетност на институциите и
- градење на капацитетите на граѓанските организации за мониторинг и известување за трошењето на јавно здравствениот буџет, со цел да се намали ненаменското трошење и да се поттикне транспарентноста и отчетноста на институциите.

Во насока на остварување на овие цели, во овој период беа имплементирани следниве проекти и активности:

## Иницијатива за достапност на основните лекови

**Имплементатор/и:** ФИООМ, Асоцијација за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ и Асоцијација за здравствено просветување и унапредување на здравјето – МИА
**Донатор/и:** ФИООМ и Иницијатива за достапност на основните лекови, Програма за јавно здравство – Њујорк
**Цел:** Градење на капацитетите на граѓанските организации од областа на здравството за развивање на праведни и ефикасни механизми за обезбедување на основните лекови.

Во рамките на оваа иницијатива, во 2010 година 2 организации коишто се профилирани на полето на здравство, ЕСЕ и МИА, беа поддржани за да спроведат проекти. Со цел да се утврди кои лекови за остеопороза и женски хормони се наоѓаат на позитивната листа на лекови и колкава сума плаќаат пациентите како кофинансирање при купувањето на овие лекови, ЕСЕ спроведе анализа којашто покажа дека повеќето лекови можат да се најдат на пазарот, при што пациентот треба да доплати 20 проценти од референтната цена за одреден лек. Од вкупно 25 хормони за жени, кои како лекови се регистрирани во Македонија, само 5 можат да се најдат на позитивната листа на лекови. На прес-конференција беа презентирани наодите од истражувањето, а едновремено беше промовиран и Здравствениот информативен центар на ЕСЕ, каде што жените ќе можат да се обратат доколку се соочат со проблеми при снабдувањето со лекови за здравје на жените, кои се на позитивната листа на Фондот за здравствено осигурување. Со цел да се оцени достапноста на регистрираните анти хипертензивни лекови, кон крајот на 2010 година МИА спроведе истражување во аптеките во 3 региони во Македонија.

## Програма за мониторинг на здравствениот буџет и за застапување

**Имплементатор/и:** ФИООМ, Месечина, Гостивар и Асоцијација за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ
**Донатор/и**: ФИООМ, **Програма за мониторинг на здравствениот буџет и за застапување -** Програма за јавно здравство – Њујорк и Проект за здравје на Ромите - Будимпешта

**Цел**: градење на капацитетите на една ромска организација за мониторинг на здравствениот буџет преку обезбедување техничка помош за развивање на методологијата за мониторинг на здравствените буџети и за застапување.

Во 2010 година, ФИООМ продолжи со поддршка на спроведувањето на проектот *„Еднаков пристап до здравствена заштита"*. Со цел да се реализира соодветна буџетска анализа и да се подготви акциски план за застапување за соодветни буџетски алокации кои ќе овозможат соодветна имунизација на децата Роми, беа обезбедени различни форми на техничка помош. Во јули 2010 година беше подготвен деталниот акциски план за застапување, со цел да се обезбедат повисоки буџетски алокации за имунизација. Врз основа на податоците добиени од Министерството за здравство и други значајни буџетски документи, беа направени дополнителни анализи на буџетите. Како резултат на сите напори за застапување, кон крајот на 2010 година Министерството за здравство ги прифати посочените препораки, како дел од Програмата за активно здравје на мајките и децата со соодветна буџетска рамка.

## Иницијатива за право и здравство

**Имплементатор/и:** ФИООМ, Центар за регионални истражувања и соработка – „Студиорум", ХОПС – Опции за здрав живот, Медицински факултет - Скопје и Правен факултет, Скопје
**Донатор/и:** ФИООМ, Иницијатива за право и здравство, Програма за сексуално здравје и права - Програма за јавно здравство, Њујорк; Програма за доделување грантови за човекови права - Будимпешта
**Цел:** воведување интегриран концепт за право и здравство, преку обезбедување обуки и достапност на ажурирани информации со цел да се унапреди квалитетот на услугите за социјално маргинализираните заедници и да се елиминираат дискриминаторските практики.

Концептот на здравство базиран на право беше промовиран преку воведувањето курс за право и здравство, како дел од наставниот план на Правниот факултет во Скопје, при што 32 студенти го слушаа курсот во академската 2009/2010. Во соработка со Медицинскиот факултет Скопје и Правниот факултет, Скопје, ФИООМ беше домаќин на Втората регионална работилница за изучување на правото и здравството на која учествуваа 42 професори од 8 држави. Во 2010, во рамки на проектот за практиканти во областа на правото и здравството и под менторство на *„Студиорум"* беше подготовен и испечатен Прирачник за практичари за човековите права во здравствената заштита. Прирачникот беше промовиран на 18-тиот Светски конгрес за медицинско право во Загреб, што се одржа во периодот од 8 до 12 август 2010, и тоа на специјален настан организиран од страна на ИОО – ИПЗ – Лансирање на прегледот на прирачници од Арменија, Грузија, Македонија и Украина. Дополнително на тоа, во рамките на научната програма на Конгресот, претставник од Македонија имаше индивидуална презентација на документот за сообразноста на македонскиот Закон за правата на пациентите со меѓународните стандарди од оваа област. Беа подготвени материјали за обука и се одржаа две обуки за правниците кои работат во здравствените институции. Во подготовка е и поедноставена верзија на Прирачникот за практиканти, која лесно ќе може да се користи од страна на пациентите. Во 2010 година, двајцата адвокати продолжија да работат во случајот на 7-те сексуални работнички (жртви на полициската рација од ноември 2008 година) – случаи што се базираат на прекршување на правото на приватност, кои беа поднесени до Дирекцијата

за заштита на личните податоци; продолжи одбраната во кривичните постапки покренати против 7 сексуални работнички, според член 205 од Кривичниот законик на Република Македонија – одлуката беше обжалена пред судот од повисока инстанца врз основа на недостиг од докази за кривичното дело за кое тие беа осудени; продолжи и граѓанската постапка иницирана поради повреда на правото на приватност, проследена со заштита на правото на приватност и барање отштета од 5 медиуми (во име на 3 сексуални работнички). Беа поддржани новите судски случаи поврзани со повреда на здравствените права на социјално маргинализираните заедници: 3 тужби против присилно ДНК тестирање беа покренати пред Народниот правобранител и Дирекцијата за заштита на личните податоци; 1 постапка за одобрување средства за операција за промена на пол што треба да се направи во Србија; 6 тужби се покренати против полициската конфискација на досиејата на клиенти од метадонскиот центар во Струмица.

## Програма за сексуално здравје и права

**Имплементатор/и**: ФИООМ, Коалиција за заштита и промоција на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници.
**Донатор/и**: ФИООМ, Иницијатива за право и здравство, Програма за сексуално здравје и права - Програма за јавно здравство, Њујорк.
**Цел:** да овозможи зголемување на достапноста на здравствената заштита и да ги унапреди правата поврзани со здравјето на луѓето што се маргинализирани поради своите сексуални однесувања, сексуална ориентација и/или родов идентитет, (сексуалните работници и сексуалните малцинства, геј, лезбијките, бисексуалци и трансродни индивидуи).

Во 2010, ФИООМ продолжи со поддршката на Коалицијата за заштита и промоција на сексуалните и на здравствените права на маргинализираните заедници, која работи на документирање, известување и правна заштита во случаи на насилство во кои се прекршени здравствените права на социјално маргинализираните групи. Со цел да промовира целосно учество на социјално маргинализираните заедници, особено на сексуалните работници, во развивањето и спроведувањето на политиките и услугите коишто влијаат врз нивното здравје и права, ФИООМ и Програмата за сексуално здравје и права овозможија јакнење на институционалните капацитети на Асоцијацијата на сексуалните работнички – СТАР. Коалицијата за заштита и промоција на сексуалните и на здравствените права на маргинализираните заедници, која е член на Националната комисија за антидискриминација и учествуваше во 3-годишниот процес на подготовка на Законот за антидискриминација, остро реагираше на финалната верзија на Законот, која не препознава дискриминација врз основа на сексуална ориентација. 48 НВОи организирано побараа Законот да се повлече од постапката за донесување, учествуваа во дебатите организирани во Парламентот и ги објавија своите ставови во медиумите. Коалицијата ги анимираше меѓународните организации за човековите права и Високиот претставник на Европската комисија во Македонија, кој подоцна реагираше кај македонската Влада во обид да го спречи донесувањето на Законот. Сите овие напори не обезбедија резултат, бидејќи проблематичниот закон сепак беше донесен.
Иако ваквиот резултат е разочарувачки, дебатата го сврте јавното внимание врз првата на ЛГБТ популацијата. Коалицијата за заштита и промоција на сексуалните и на здравствените права на маргинализираните заедници спроведе мониторинг на медиумското покривање на проблемите поврзани со сексуалното здравје и права. Беше изготвен извештај кој ги вклучи наодите од мониторингот и беа организирани работилници и јавни дебати на кои учествуваа и претставници од медиумите. Сите овие активности беа добро примени во јавноста и ќе продолжат да се одвиваат на годишно ниво. Членовите на Коалицијата (ХОПС, ХЕРА, Избор,

Егал и Стар) одлучија да го формализираат правниот статус на Коалицијата и во 2011 таа стана регистрирано независно тело.

Со цел да се создаде корисен список за сексуалните работници, корисниците на дроги, лицата кои живеат со ХИВ/СИДА и ЛГБТ популацијата, и врз основа на мапирањето на нивните потреби, беа идентификувани 3 најсоодветни здравствени специјализации и започна обуката за сензитивизација. Стар стана официјално регистрирана невладина организација. Во поглед на градењето на институционалниот капацитет на Стар, беа идентификувани двајца консултанти кои изготвија програма за обука и почнаа да ја спроведуваат во август.

## Проект за здравјето на Ромите

**Имплементатор/и:** ФИООМ, Х.Е.Р.А. – Асоцијација за здравствена едукација и истражување и Ромски ресурсен центар
**Донатор/и:** ФИООМ, Проект за здравјето на Ромите - Будимпешта
**Цел:** Промовирање на човековите права и борба против дискриминацијата на Ромите во пристапот и добивањето здравствена заштита преку развивање на моделот за ромски здравствени медијатори, како и поддршка на Ромите, професионалци во здравството, преку Програмата за медицински стипендии за Роми.

Кон крајот на 2009 година, ФИООМ ја обнови Програмата за здравјето на Ромите и го поддржа спроведувањето на проектите за ромски здравствени медијатори, кој го администрира ХЕРА. Исто така, ФИООМ учествуваше во реализацијата на Програмата за за медицински стипендии за Роми, која започна во март 2010 година.

Беше обезбедена техничка помош за националната работна група која работи на развивање на моделот за ромски здравствени медијатори во Македонија и која подготви Нацрт-стратегија: *Подобрување на здравствениот и на социјалниот статус на ромската популација во Република Македонија преку воведување на ромски здравствени медијатори*. Документот беше усвоен од владините претставници кои беа вклучени во реализацијата на активностите планирани со акциските планови од Декадата за вклучување на Ромите. Со цел да обезбеди поголем увид во различните модели за ромски здравствени медијатори, ФИООМ организираше студиска посета во Бугарија за членовите на работната група. Подготвена е и наставна програма за курсот за ромски здравствени медијатори, кој ќе се вклопи во системот за стручно образование.

Стратегијата за комуникација на Програмата за медицински стипендии за Роми беше изготвена и презентирана пред широката јавност. Беа поднесени вкупно 87 апликации, а 53 апликанти (13 студенти/специјализанти и 40 средношколци) учествуваа на осумдневниот летен камп за застапување, кој беше организиран и воден од Ромскиот ресурсен центар.

## ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ

Во периодот 2009–2010 година, Програмата за економски реформи ги имаше следниве цели:

- Стимулирање на младите да основаат нови компании, во насока на забрзување на развојот на МСП и надминување на јазот меѓу понудата од страна на образовните институции и потребите на бизнис заедницата;

- Подобрување на нивото на вработување на Ромите, преку поттикнување на претпиемачкиот дух, развој на претприемачките вештини и градење на капацитетите како обучувачи, и

- Поттикување на ромските семејства со ниски примања да станат активни во долгорочното финансиско планирање на сопствениот оскуден капитал.

### Претприемачки сервис за млади

**Имплементатор/и:** ПСМ Фондација, Скопје, СИНТЕФ – Норвешка, ФИООМ
**Донатор/и:** ФИООМ и норвешкото Министерство за надворешни работи
**Цел:** да се стимулирааат младите да основаат сопствени компании

Од основањето, во септември 2007 година, ПСМ Инкубаторот го поддржа развојот на 40 почетни бизниси, со што помогна во создавањето на околу 100 нови работни места.
Во 2010 година, во Инкубаторот влегоа десет нови компании (кои отворија 27 нови работни места), а 22 компании станаа виртуелни станари на Инкубаторот (со што се креирани 59 нови вработувања).
Како дел од своите активности, ПСМ организираше обуки за претприемништво креирани според потребите на станарите во Инкубаторот, како и менторство, со цел да им помогне на компаниите да ги имплементираат своите бизнис идеи. Со цел да се подобрат бизнис вештините на младите претприемачи, како и да се зајакне нивната самодоверба, во 2010 година беа организирани обуки за 150 учесници, менторство за 20 компании станари во Инкубаторот, како и обуки за 3D, Slid works, Maya и Java за 51 учесник и сл.
Со цел да се поддржат почетните бизниси, во соработка со ИК банка е воспоставена кредитна линија по многу поволни услови. Кредитот вклучува и мониторинг и едукативна компонента за новите претприемачи. Вкупниот број одобрени кредити е 53, во вкупен износ од 21.279.500 МКД, од кои 29 кредити во вкупен износ од 8.802.630 МКД се за станарите на ПСМ Инкубаторот.

### Обука за обучувачи за ромски консултанти

**Имплементатор/и:** ФИООМ, Евро Центар Консалтинг
**Донатор/и:** ФИООМ
**Цел:** да се зголеми бројот на обучувачи Роми, со цел да се испорачаат обуки за економски развој и претприемништво

Група од 15 млади Роми во 2009 година успешно поминаа два циклуса општи и специјализирани обуки за обучувачи и формираа сопствена невладина организиација Ромски ресурсен центар, која обезбедува обуки за финансиска едукација, деловно и стратешко планирање.
Во 2010 година со цел да се зајакнат институционалните капацитети на РРЦ беа организирани пет специјализирани обуки, во согласност со потреби на членовите. За да се постигне поголема

организациска ефикасност, заедно со менторите (констултанти) беа изработени стратешките документи на организацијата. Понатаму беа организирани обуки за: пишување бизнис план, во согласност со ИПАРД апликацијата, менаџирање на времето, локален економски развој, маркетинг план, евалуација и мониторинг.

### Финансиска писменост за ромски домаќинства со ниски приходи

**Имплементатор/и:** ФИООМ, Ромски ресурсен центар, Евро Центар Консалтинг, Центар за деловна соработка
**Донатор/и:** ФИООМ, Соросов фонд за економски развој
**Цел:** да обезбеди образование за финансиско планирање за ромските домаќинства со мали приходи, со цел да ја надминат сиромаштијата и да обезбедат средства за живот преку ефикасно користење на малите економски ресурси што им се на располагање.

Обуката за финансиска писменост на ромските домаќинства започна во 2009 година. Во текот на 2010 година, во 10 градови беа организирани 15 обуки за управување со долг. Основната порака за домашниот буџет, семејните финансиски цели, приходи и трошоци, штедење и справување со долгови беше успешно пренесена на 246 учесници од различни семејства. Подоцна, во октомври 2010 година, беше организирана средба на обучувачите, како дел од процесот на евалуација, каде што имаа можност да ги разменат своите искуства во организирањето и спроведувањето обуки за ромската популација.
Во 2010 година, како дел од проектот т.е. од втората фаза на модулот „Планирај ја својата иднина“ (спроведен во 2009 год.), беа организирани 5 обуки за креирање работни места и обуки за претприемачки вештини за младите Роми. Оваа интервенција имаше за цел да им овозможи на 60-те младите Роми да бидат подготвени за фазата на генерирање приходи и да ги следат сопствените преференции за донесување на одлуката: работа или претприемачки ориентирани.

## ПРОГРАМА ЗА МЕДИУМИ

### ТВ копродукција „Европа сега“

**Имплементатор/и:** ТВ Алфа
**Донатор/и:** ФИООМ
**Партнер/и:** ТВ Алфа
**Цел:** да ја зголеми информираната јавна дебата на теми од и за ЕУ и да придонесе за промоција на вредностите на ЕУ
„Европа сега“ е ТВ магазин предвиден да се реализира и емитува еднаш месечно на националната телевизија Алфа. Неговата цел беше да ги отвори темите за интеграцијата на Македонија во ЕУ, како и вредностите на ЕУ кои Македонија треба да ги вклучи во сите општествени сфери. 10 магазини беа реализирани во сезоната пролет-есен.

### Новинари - практиканти за ЕУ

**Имплементатор/и:** ФИООМ
**Донатор/и:** ФИООМ
**Партнер/и:** Македонски центар за европско образование (МЦЕО) и Фондација Метаморфозис
**Цел:** да се зголеми бројот на квалитетни медиумски содржини на темите од и за ЕУ во електронските и печатените медиуми

Седум млади новинари по добиените обуки за прашањата поврзани со ЕУ се испратени да работат како известувачи-практиканти во главните национални медиуми за да покриваат теми поврзани со ЕУ. Програмата за медиуми беше одговорна за обезбедување на ангажманот во медиумите, како и за нивното прифаќање во соодветниот медиум.

### Брифинзи за новинарите поврзани со ЕУ теми

**Имплементатор/и:** ФИООМ
**Донатор/и:** ФИООМ
**Партнер/и:** Македонски центар за европско образование (МЦЕО)
**Цел:** да ја зголеми информираната јавна дебата на теми од и за ЕУ и да придонесе за промоција на вредностите на ЕУ

Беа организирани формални и неформални средба со уредници од различни редакции во партнерство со МЦЕО. Целта на овие брифинзи беше да се подобри квалитетот на информациите за ЕУ процесите што се однесуваат на Македонија и забрзување на нејзиното пристапување кон ЕУ.

### Медиумско огледало

**Имплементатор/и:** НВО Инфоцентар
**Донатор/и:** ФИООМ
**Цел:** Проектот да даде јасна слика за професионалните стандарди и критериуми што ги користат медиумите при покривање на прашањата поврзани со евроинтеграциите на земјата

НВО Инфоцентарот врши постојан мониторинг на дневните содржини на националните ТВ станици. Начинот на обработување на темите поврзани со и за ЕУ и спорот за името со Грција од страна на политичарите и од страна на самите медиуми, беа критериуми за мониторингот. Резултатите беа јавно објавени а извештаите од мониторингот беа широко дистрибуирани до сите заинтересирани и релевантни домашни и странски институции. Во текот на 2010 година, НВО Инфоцентарот ги спроведе следниве активности: издавање на четири извештаи од мониторингот на медиумите, еден Документ за јавни политики (врз база на следените медиумски содржини) и шест обуки за новинари за начинот на обработување на темите поврзани со и за ЕУ.

### Медиумска легислатива во дигитална ера

**Имплементатор/и:** Центар за развој на медиуми (ЦРМ)
**Донатор/и:** ФИООМ Шведски Хелсиншки комитет
**Цел:** ЦРМ да има улога на чувар и советник за специфичните прашања во медиумската легислатива и преку него да се обезбеди учество на цивилниот сектор при донесувањето на релевантните стратешки документи и подзаконски акти.
Преку целата година ЦРМ активно учествуваше во сите процеси за креирање на медиумски политики како што се: изготвување на нацрт-измените на Законот за радиодифузија, Законот за авторските и сродните права и Стратегијата за дигитализација на радиодифузијата. ЦРМ организираше и неколку работилници и тркалезни маси до релевантната стручна јавност кои беа посветени на предстојните промени во радиодифузијата.

## Медиумска писменот: Млади медиумски чувари

**Имплементатор/и:** НВО Инфоцентер
**Донатор/и:** ФИООМ и Амбасадата на САД во Македонија
**Партнер/и:** Младински образовен форум (МОФ)
**Цел:** да се зголеми знаењето помеѓу активистите на младинските НВОи да ја идентификуваат пропагандата и политичкиот маркетинг , да се развие критички пристап кон понудените информации и да се промовира и прошири учеството на младите во јавната сфера на локално ниво.
Во текот на 2010 година, Програмата за медиуми и Амбасадата на САД во Македонија ги кофинансираа обуките за младите активисти од цивилниот сектор кој би спроведе НВО Инфоцентарот. Проектот е продолжение на активностите започнати во 2009 година и тој беше посветен на подобрување на капацитетите кај младите активисти за следење на транспарентноста и на начинот на кој локалната власт комуницира со граѓаните. На крајот на проектот НВО Инфоцентарот ги имаше спроведено следниве активности:

- Објавен и дистрибуиран водичот за млади за основните граѓански и политички права и слободи помеѓу членовите на МОФ и и низ локалните дебатни клубови;
- Десет искусни млади активисти беа обучени за предавачи за основните граѓански и политички права и слободи кои ќе треба да ги продолжат обуките во рамките на членството на МОФ преку нивните програми за обуки и дебати;
- На шесте обуки одржани во дебатните клубови во: Скопје, дебар, Битола, Струмица, Штип и Битола учествуваа 90 млади активисти. Од нив, 30 учествуваа на 6-те јавни дебати кои беа организирани во 6 општини, а 18 учествуваа на дебатниот фестивал од кои 6-мина беа и финалисти;
- Младите ативисти иницираа 6 локални јавни дебати на теми на политички и граѓански права со учество на повеќе од 150 активисти, претставници на локалната власт експерти и новинари;
- Беше организиран дебатен фестивал на национално ниво во Скопје

## ТВ Менада – „Лице в лице“

**Имплементатор/и:** ТВ менада
**Донатор/и:** ФИООМ и Норвешка народна помош
**Цел:** да ги информира и едуцира граѓаните во Тетово и Гостивар за придобивките од ЕУ интеграцијата на земјата и да ги охрабри отворено да говорат за своите проблеми
На ТВ Менадаѝ беше доделен грант за покривање на продукциските трошоци за серијалот „Лице в лице“, заедно со партнерот донатор Норвешка народна помош. Серијалот ги отвораше проблемите на граѓаните и нудеше можни решенија за нив преку програма во живо во присуство на претставници од националните и локалните институции. Во сите изданија беше дискуритан и споредуван проблемот со состојбите во земјите членки на ЕУ.

## Македонски центар за истражувачко новинарство

**Имплементатор/и:** Македонски центар за истражувачко новинарство
**Донатор/и:** ФИООМ
**Цел:** да се придонесе во подобрувањето на стандардите за истражувачко новинарство во македонската медиумска сцена.

Како дел од проектот, нов веб портал беше дизајниран на кој истражувачките стории на македонски и преведени на англиски јазик се собрани на едно место. Порталот треба да ги поврзе домашните новинарски центри со оние од странство и да им помогне во размената на

информации за пристапите и новинарските стандарди во истражувањето, потенсијалните препреки на кои би наишле како и информации за сториите од овој тип кои се објавени во регионот. Дополнително, во рамките на проектот беа изработени 4 истражувачки стории кои беа објавени во дневниот весник „Дневник“ и на веб порталот.

## ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

За периодот 2009–2010 година, Програмата за реформа на јавната администрација и локалната самоуправа ги имаше следниве цели:

- Мобилизирање јавна поддршка и зголемување на притисокот на јавноста за враќање на земјата назад на патот кон ЕУ, како и забрзување на процесот на пристапување.
- Зајакнување на општинските капацитети за ефикасно и транспарентно давање услуги и подобрено користење на фондовите на ЕУ.
- Зајакнување на притисокот на јавноста за поголема транспарентност и отчетност во трошењето на јавните пари од страна на централните власти.

Во насока на остварување на овие цели, во извештајниот период беа имплементирани следниве проекти и активности:

### Отворен државен буџет

**Имплементатор/и:** ФИООМ, Центар за граѓански комуникации (ЦГК)
**Донатор/и:** ФИООМ и Иницијативата за реформа на локалната самоуправа и јавните служби (LGI), Будимпешта
**Цел:** да се оцени транспарентноста и ефикасноста на јавните набавки на централно и на локално ниво, како и да се придонесе за правилна примена на Законот за јавните набавки

Во рамките на проектот *Отворен државен буџет,* во 2010 година беа набљудувани вкупно 160 постапки за јавни набавки на централно и на локално ниво. Беа подготвени четири квартални извештаи и беа испечатени во по 250 примероци. Извештаите содржат анализа на јавните набавки на централно и на локално ниво и препораки за идни подобрувања. Наодите поврзани со примената на принципите на транспарентност, отчетност, ефикасност, недискриминација и конкурентност меѓу економските оператори во постапките за јавни набавки, нотирани во кварталните извештаи[9], беа презентирани на прес-конференции. Со цел да се продискутираат резултатите и препораките во кварталните извештаи, беа организирани јавни дебати со широка медиумска покриеност. Проектот ќе продолжи и во 2011 година.

### Транспарентна и ефикасна децентрализација

**Имплементатор/и:** ФИООМ, Центар за развој на локалната демократија (ЦРЛД)
**Донатор/и:** ФИООМ и Иницијативата за реформа на локалната самоуправа и јавните служби (LGI), Будимпешта
**Партнер/и:** општините Боговиње, Велес, Гостивар, Дебар, Илинден, Карпош, Куманово, Неготино, Охрид, Старо Нагоричане, Тетово и Струмица
**Цел:** да се поддржи транспарентен, ефикасен и ефективен процес на децентрализација во областите финансии, урбанистичко планирање и образование

[9] Извештаите се достапни на http://soros.org.mk/default.asp?lang=mak&menuid=1786

Проектот *Транспарентна и ефикасна децентрализација* спроведува континуирано набљудување на процесот на децентрализација во областите образование, урбанистичко планирање и локално финансирање во 12 општини. Од добиените податоци беше изготвена споредбена анализа за нивото на фискалната децентрализација и за имплементацијата на општинските надлежности во областите образование и урбанистичко планирање, за периодот 2008 и 2009 година, за сите набљудувани општини. Беше спроведено и истражување на задоволството на граѓаните од општинските услуги во дванаесетте набљудувани општини, а резултатите беа претставени на јавни трибини во општините. Со цел да се отвори јавна дебата за напредокот во децентрализацијата, беше организирана конференција на која учествуваа претставници на општините, централната власт, НВОи и медиумите. Со цел застапување за забрзување на децентрализацијата и надминување на финансиската зависност на општините од централната власт, беа изготвени два документа за јавна политика.[10] Имплементацијата на проектот продолжува и во 2011 година.

## Подобро искористување на ИПА фондовите

**Имплементатор/и:** ФИООМ, Македонски центар за европско образование (МЦЕО)
**Донатор/и:** ФИООМ и Иницијативата за реформа на локалната самоуправа и јавните служби(LGI), Будимпешта
**Партнер/и:** општините Велес, Гостивар и Кавадарци, локалните НВО-и и локалните медиуми
**Цел:** зајакнување на апсорпциониот капацитет на општините за користење на фондовите на ЕУ, преку обезбедување обуки за можностите, механизмите и критериумите за аплицирање на финансиските инструменти и програми на ЕУ.

Во рамките на иницијативата *Подобро искористување на ИПА фондовите*, беа спроведени три шестдневни обуки, на кои учествуваа 80 претставници на локалните власти, НВОи и медиумите од трите општини. За оваа цел беше развиена наменска програма за обука, со фокус на структурата и политиките на ЕУ и со посебен акцент на Инструментот за претпристапна помош и Програмите на Заедницата. Обуките обезбедија стручна поддршка и поттик за општините да развијат проекти за аплицирање на отворените повици на ЕУ за прекугранична соработка и Програмите на Заедницата. Беа развиени пет предлог-проекти за финасирање под ИПА Прекугранична соработка и програмата Европа за граѓаните, од кои четири беа поднесени, а за три беа одобрени договори за грантови.

## Следење на процесот на пристапување (Accession Watch)

**Имплементатор/и:** ФИООМ, Македонски центар за европско образование (МЦЕО)
**Донатор/и:** ФИООМ и Иницијативата за реформа на локалната самоуправа и јавните служби (LGI), Будимпешта
**Цел:** набљудување на усогласеноста на владините политики и активности поврзани со приоритетите од Пристапното партнерство 2008 на Европската комисија

Четири квартални извештаи од следењето на процесот на пристапување[11], со кои се анализира усогласеноста на владините политики и активности со приоритетите од Пристапното

[10] *Децентрализацијата во Република Македонија: забавена или заборавена*, достапен на http://soros.org.mk/dokumenti/zabavena-ili-zaboravena-za-WEB.pdf и
*Република Македонија: централизирана (фискална) децентрализација*, достапен на http://soros.org.mk/dokumenti/centralizairana-fiskalana-za-web.pdf

[11] Петтиот квартален извештај „Чуму ни е парламент“ беше објавен на 4 мај 2010; Шестиот квартален извештај „За помалку помалку позитивните работи“ беше објавен во јули 2010, Седмиот квартален извештај „Влада Д.О.О.Е.Л.“ беше објавен на 4 ноември 2010 година и Осмиот квартален извештај „Преродбата ги јаде своите чеда“ беше објавен на 17 февруари 2011 година. Извештаите се достапни на http://soros.org.mk/default.asp?lang=mak&menuid=1697

партнерство и се застапува напредок и забрзување на европската интеграција, беа испечатени во по 750 примероци секој. Извештаите беа дистрибуирани до Собранието, Владата, општините, организациите на граѓанското општество, Мисијата на ЕУ во Скопје, како и до релевантните Генерални директорати и тинк-тенк организации во Брисел. Извештаите од следењето на процесот на пристапување се користат како важен извор на информации за медиумите, а политичарите ги цитираат наодите и препораките содржани во нив. Европската комисија ги цитира наодите од извештаите од следењето на процесот на пристапување во своите годишни извештаи за напредокот. Проектот продолжува и во 2011.

### Акција за Европа

**Имплементатор/и:** ФИООМ, Македонски центар за европско образование (МЦЕО)
**Донатор/и:** ФИООМ
**Партнер/и:** Младински образовен форум (МОФ), поранешните центри за поддршка на НВОи и и Младински културен центар – Битола
**Цел:** подигање на свеста кај граѓаните за потребата од забрзување на процесот на пристапување кон ЕУ, преку зголемување на знаењата за ЕУ и можностите за финансирање преку ИПА фондовите и Програмите на Заедницата.

Проектот *Акција за Европа* се фокусираше на зголемување на свеста и знаењето кај граѓаните за Европската унија и процесот на пристапување. Десет јавни настани, организирани во соработка со четиринаесетте амбасади на држави–членки на ЕУ[12] и претставници на Европскиот парламент, како и експерти од тинк-тенк организации од ЕУ, мобилизираа повеќе од 2.500 граѓани од 26 града.[13] Повеќе од 1.500 средношколци од целата земја учествуваа на 86 различни јавни настани (обуки, дебати, летни школи, квизови и симулации). Четири брошури[14] со фокус на политиките и финансиските инструменти на ЕУ, прирачник за ЕУ за средношколци и *Водич МК@ЕУ* беа испечатени во по 4.200 копии секој. Беше објавен превод на македонски јазик на публикацијата *Лисабонскиот договор во 10 графички прикази*[15]. Блогот www.eu.kauza.mk[16] започна со работа. Сите печатени и електронски материјали се широко употребувани од страна на НВОи, студенти, ученици, медиуми и пратеници во Собранието, како алатка за подобро разбирање и следење на пристапувањето во ЕУ.

## ПРАВНА ПРОГРАМА

Правната програма е посветена на промоција на владеењето на правото преку оформување на владините политики и поддршка на правната реформа во Република Македонија. 2010 година беше транзициона година за Правната програма, која спроведе едногодишна стратегија што имаше за цел да обезбеди транспарентност и отчетност од страна на владините институции, во поглед на човековите права, слободниот пристап до информациите и приближувањето на

---

[12] Амбасадите на Бугарија, Грција, Словенија, Унгарија, Романија, Словачка, Чешката Република, Полска, Франција, Германија, Австрија, Холандија, Шпанија и Португалија
[13] Скопје, Битола, Велес, Гевгелија, Дебар, Делчево, Кичево, Кратово, Прилеп, Ресен, Струга, Струмица, Штип, Охрид, Гостивар, Тетово, Пробиштип, Кавадарци, Кочани, Македонски Брод, Крушево и Виница
[14] 1) *Со европски пари до развој на алтернативен туризам*, 2)*Енергетска ефикасност и ЕУ*, 3) *Да зборуваме за животната средина* и 4) *Подарокот од Бахус – вино*. Извештаите се достапни на http://soros.org.mk/default.asp?lang=mak&menuid=1696
[15] Достапна на http://soros.org.mk/dokumenti/lisabonski-dogovor-mak-za-web.pdf
[16] Заедничка иницијатива на ФИООМ, МЦЕО, Младинскиот образовен форум и Фондацијата Метаморфозис.

македонското законодавство со законодавството на ЕУ. Програмата се спроведува во соработка со различни домашни и странски организации.

## Приближување на законодавството

**Имплементатор/и:** ФИООМ
**Донатор/и:** ФИООМ, Програма за грантови за човекови прва и владеење при ИОО и Програмата за медиуми при ИОО
**Партнер/и:** Дирекција за заштита на личните податоци, Коалиција „Сите за правично судење“
**Цел:** да се поддржи приближувањето на домашното законодавство со законодавството на ЕУ и да ја зајакне законодавната рамка за човековите права

Правната програма на ФИООМ продолжи да ги изготвува и да ги доставува до релевантните засегнати страни своите правни мислења за нацрт-законите за заштита на човековите права и за улогата на граѓанските организации во Република Македонија. Програмата ја продложи успешната соработка со Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот и учествуваше во јавните сесии на Комисијата. Донесувањето на *Законот за здруженија и фондации* беше главниот фокус на програмата во првиот квартал од годината. Од Законот се очекуваше да воведе поголема либерализација на правото на здружување, да го регулира статусот на организациите од јавен интерес, економските активности и фискалните бенефиции за здруженијата и фондациите во Република Македонија. По серија состаноци со работната група за изготвување на Законот[17], тој беше усвоен на 16 април 2010 година, со поднесување на серија правни мислења за нацрт-законот и тркалезна маса организирана со цел да гарантира поголема вклученост во процесот на донесување на Законот. Тркалезната маса беше организирана на 3 март 2010 година, во периодот меѓу двете читања од процесот на донесување на нацрт-законот во Парламентот, со цел да ги информира граѓанските организации за клучните елементи од нацрт-законот кои го регулираат правото на здружување и да ги поттикне организациите да предлагаат амандмани за понатамошно подобрување на истиот. Освен тоа, гледиштата на ФИООМ за нацрт-законот беа претставени на јавната дискусија на Националниот совет за европски интеграции, одржана во Парламентот на 23 февруари 2010 година.[18] ФИООМ поднесе амандмани за нацрт-законот до Парламентот, преку Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот. Нацрт-законот, во голема мера, беше подобрен, со тоа што 13 амандмани беа целосно прифатени, а 12 делумно прифатени.

Во мај 2010 година, 15 парламентарци од мнозинската партија во Парламентот предложија Нацрт-закон за изменување и дополнување на *Законот за денационализација* во итна и нетранспарентна постапка. Правната програма ги идентификуваше неуставните одредби од подоцна донесениот Закон и во јуни 2010 година поднесе иницијатива пред Уставниот суд со цел да го заштити правото на имот и принципот на еднаква примена на законите. Уставниот суд целосно ја прифати иницијативата и укина две неуставни одредби коишто беа вклучени во амандманите на *Законот за денационализација*.

[17] Работната група, формирана од страна на Министерството за правда во декември 2005 година, вклучуваше и двајца претставници од граѓанскиот сектор, од кој еден беше претставник од ФИООМ.
[18] За повеќе информации во однос на идентификуваните недостатоци во Законот, погледнете ја анализата на ФИООМ за Нацрт-законот за здруженија и фондации, на http://soros.org.mk/dokumenti/Comments-on-LAF-18.02.2010.pdf.

Во јуни 2010 година, *Законот за електронски комуникации* претпре сериозни промени, со кои на Министерството за внатрешни работи му се даде неограничен и континуиран пристап до сите форми на електронска комуникација. Од таа причина, Правната програма, во партнерство со Фондацијата Метаморфозис и Транспарентност Македонија, го оспори прекршувањето на правото на приватност, уставно загарантираната заштита на домот и уставниот амандман со кој се гарантира неповредливоста на сите форми на комуникација. Во декември 2010 година, Уставниот суд целосно ги прифати аргументите на иницијаторите и ги поништи неуставните одредби вградени во амандманите на *Законот за електронски комуникации*.

Во рамките на компонентата за поддршка на независните органи за заштита на човековите права, Дирекцијата за заштита на личните податоци (ДЗЛП) доби помош во процесот на хармонизација на домашното законодавство со релевантното законодавство на ЕУ, преку ангажман на двајца правници во правно-нормативниот сектор, кои беа задолжени да го следат спроведувањето на Законот за заштита на личните податоци. Соработката со ДЗЛП прво беше воспоставена за периодот март-декември 2009 година, а потоа дополнително беше продолжена до јуни 2010 година. Обновената поддршка беше одобрена со цел да и се помогне на ДЗЛП да го изготви третиот пакет амандмани за Законот за заштита на личните податоци, коишто се потребни за целосно приближување на Законот во линија со Директивите на ЕУ и за зајакнување на нивните капацитети за целосно спроведување на новите зајакнати надлежности. Со цел да придонесе кон зголемена свест и подобрена имплементација на законодавството поврзано со почитувањето на правото на приватност, Правната програма ја поддржа подготовката и публикацијата на Коментарот на Законот за заштита на личните податоци и Прирачникот за практично спроведување на Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци. Двете публикации беа јавно промовирани на 7 јуни 2010 година, а на промоцијата присуствуваа повеќе од 100 контролори на податоци. Публикациите беа дистрибуирани со тираж од 1.000 примероци по публикација и се достапни на Интернет[19].

Со цел да иницира дискусија со некои од засегнатите страни на кои се однесуваат амандманите на Законот за заштита на личните податоци, Правната програма во соработка со ДЗЛП организираше тркалезна маса со претставници од медиумите, на која се дискутираа одредбите од Законот поврзани со објавувањето на личните податоци. Целта на тркалезната маса беше да ги информира медиумите за нивната обврска, којашто е воведена со амандманите на Законот, при објавувањето на личните податоци да водат сметка за јавниот интерес или за интересот на лицето. Дополнително на тоа, Фондацијата Метаморфозис го разгледа прашањето поврзано со постоењето на политикитеза приватност на веб-сајтовите на медиумите.

ФИООМ иницираше независен мониторинг на спроведувањето на Изборниот протокол кон Конвенцијата против тортура од страна на Народниот правобранител. Иницијалниот пакет поднесени барања за слободен пристап до информациите покажа дека до крајот на 2010

[19] http://soros.org.mk/dokumenti/ENG-Komentar-na-Zakonot-za-zastita-na-licnite-podatoci.pdf

http://soros.org.mk/dokumenti/ENG-Priracnik-DZLP.pdf .

година не била воспоставена организациската единица за спречување на тортура и друг суров, нехуман и понижувачки треман или казна. Иако Канцеларијата на Народниот правобранител има мандат да го спроведува Изборниот протокол кон Конвенцијата против тортура и да служи како национален механизам за превенција, недоволните буџетски средства ја ограничиле работата на Народниот правобранител само на механизам за заштита од тортура. Освен тоа, секундарното законодавство потребно за спроведување на овој Изборен протокол беше донесено со задоцнување. Задоцнувањето во спроведувањето на Изборниот протокол и финансиската неможност за воспоставување на организациската единица за спречување на торутура го оневозможија предвидениот мониторинг на спроведувањето на Изборниот протокол. Затоа, во текот на 2011 година Правната програма ќе продолжи да врши мониторинг на спроведувањето на Изборниот протокол кон Конвенцијата против торутура.

Правната програма ги поддржа експертите за човековите права од Центарот за човекови права и решавање конфликти, со цел да подготват анализа со проценка на подготвеноста за ратификување на Конвенцијата за првата на лицата со хендикеп. Анализата се фокусираше на домашното законодавство на полето на здравствените права, на пристапот до информациите и до правдата, пристапот до работа и правото на образование. Анализата ќе биде провомирана кон крајот на март и се очекува да обезбеди препораки за натамошно приближување на домашното законодавство во споменатите области пред ратификувањето на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп. Дополнително на тоа, во фоксуот на анализата ќе бидат и последните развојни моменти од аспект на законодавството коишто се однесуваат на правата на лицата со хендикеп и се изготвуваат на ниво на ЕУ. Резултатите од анализата ќе се користат како појдовна точка за активностите на ФИООМ, која се застапува за побрза ратификација на Конвенцијата[20].

Како резултат на контекстуалните потреби, Правната програма во соработка со Програмата за медиуми го кофинансираше проектот на Коалицијата „Сите за правично судење“ кој имаше за цел да врши мониторинг на судските случаи во кои новинари се обвинети од страна на политичари или други јавни личности за лична навреда или за клевета. Зголемениот број регистрирани случаи во текот на 2010 година е алармантен во однос на повредата на правото на слобода на говорот во земјата и притисокот врз независните медиуми. На пример, само во скопскиот регион (Кривичниот суд во Скопје покрива околу 60% од случаите за клевета и навреда) во 2010 година се покренати 89 случаи против новинари, што претставува зголемување од 300% во споредба со 2009 година, кога беа регистрирани само 30 вакви случаи. Мониторингот ќе се фокусира на имплементацијата на правично судење, во согласност со практиката на Европскиот суд за човековите права, и ќе ги објави крајните резултати на крајот од проектот, во септември 2011 година. До крајот на 2010 година, проектот мониторираше 47 случаи од вкупно 170 регистрирани случаи ширум земјата. Во финалниот извештај од мониторингот ќе биде вклучен репрезентативен примерок од 70 случаи.

## Поддршка на човековите права

**Имплементатор:** ФИООМ

[20] Според ревидираната Национална програма за усвојување на законодавството на ЕУ, се планира Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп да биде ратификувана кон средината на 2012 година.

**Донатори:** ФИООМ, Програма за грантови за човековите права и владеење при ИОО
**Партнери:** Македонско здружение на млади правници и мрежата за анти-дискриминација, која ја сочинуваат следниве организации: Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување (ХЕРА); ХОПС – Опции за здрав живот од Скопје; Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Македонија (ЕСЕ); Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија; Рома СОС Центарот, и Коалицијата за заштита и промоција на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници.
**Цел:** да се поддржи промоцијата на правото на еднаквост и бесплатна правна помош

Претставникот на ФИООМ кој е член на Националното координативно тело за борба против дискриминација, постојано ги презентираше ставовите на ФИООМ за Нацрт-законот за заштита од и спречување на дискриминација, и тоа низ целиот процес на подготовка и донесување на Законот. Бидејќи Нацрт-законот што беше поднесен до Собранието во јануари 2010 година беше значително полош од оној што беше договорен во рамките на работната група, ФИООМ (заедно со 47 други НВО) поднесе барање за повлекување на Нацрт-законот од парламентарната постапка и ова барање го објави во најтиражните дневни весници.[21] Во февруари 2010 година, ФИООМ подготви коментари за Нацрт-законот и ги достави до Собранието, како и до другите релевантни фактори.[22] Дополнително на тоа, во март 2010 година беше одржана конференција за печатот на која се истакнаа слабостите на Нацрт-законот, и тоа во соработка со 3 други НВО[23]. Последователно на тоа, ФИООМ и други НВО ја поднесоа првата верзија на Нацрт-законот за заштита од и спречување на дискриминација до Парламентот, и тоа преку парламентарците од опозицијата, и учествуваа во дискусијата за поднесената верзија во рамките на сесиите организирани од страна на парламентарните комитети.

Освен тоа, ФИООМ го поддржа и создавањето на мрежата за антидискриминација, која обезбедува правна помош во случаи на дискриминација и е составена од НВО кои покриваат широк спектар целни групи: сексуални работници, лица што живеат со ХИВ/СИДА, ЛГБТ популацијата и МСМ популацијата, жртвите на семејно насилство и Ромите. ФИООМ направи проценка на прелиминарните капацитети и утврди дека  Мрежата ќе служи како форум за дискусија за стратегиите за парничење, за идентификување на случаи од висок профил и за обезбедување професионална помош за НВО кои се членови на Мрежата. Изготвени се и постапки за комуникација со јавноста. Се очекува дека во текот на 2011 година Мрежата ќе обработи повеќе од 50 случаи.

Со цел да ги зајакне капацитетите на новинарите во поглед на известувањето за случаите на дискриминација, во мај 2010 година беше одржана тридневна обука за 17 новинари од електронските и од печатените национални и локални медиуми. Таа се фокусираше на улогата на медиумите како дискриминатори и како инструменти за борба против дискриминацијата. Врз основа на информациите собрани во текот на обуката и поврзани со знаењето на

[21] Барањето за повлекување на Нацрт-законот е достапно на македонски јазик на следниов линк: http://www.soros.org.mk/dokumenti/baranje-do-vlada-na-rm-za-nediskriminacija.pdf
[22] Коментарите се достапни на англиски јазик на следниов линк: http://www.soros.org.mk/default.asp?lang=eng&menuid=1561
[23] Македонски хелсиншки комитет, ЦИВИЛ – Центар за слобода и Коалиција за заштита и промоција на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници

новинарите за конкретната тема, беше подготвен прирачникот Медиумите и дискриминацијата, со тираж од 200 копии, и истиот беше дистрибуиран до медиумите.[24]

Со цел да се промовира разбирање на правото на еднаквост меѓу правниците, беше ангажиран истакнат домашен адвокат, со работно искуство во Европскиот суд за човековте права, кој требаше да подготви прирачник за правото на еднаквост. Во соработка со персоналот на ФИООМ беше направен избор на случаи со кои ќе се илустрира повредата на правото на еднаквост, онака како што било пресудено од страна на Европскиот суд за човековите права, и тоа за практики коишто сѐ уште се вообичаени во Македонија. Прирачникот беше испечатен во тираж од 2.500 копии и дистрибуиран до сите судии и адвокати, до членовите на Комисијата за заштита од дискриминација и до државните службеници. Освен тоа, прирачникот беше дистрибуиран и до Академијата за обука на судии и јавни обвинители, за да се користи како ресурсен водич во идната иницијална и/или континуирана обука на судиите и јавните обвинители.[25] Дополнително на тоа, со цел да се допре до младата публика, беше избран креативен промотивен материјал за кампањата за новиот Закон за спречување на дискриминацијата и за правото на еднаквост. Преку комбинирање на работниот план со образовни, инспирирачки и хронолошки информации, беше изготвен роковник што лесно се чита, има убав дизајн и е популарен. Роковникот беше испечатен во 3.000 примероци[26] и беше дистрибуиран до младите преку партнерските НВО.

За да може да ги следи процесите за доделување сертификати на НВО за обезбедување бесплатна правна помош, во јуни 2010 година беа одржани 4 информативни состаноци[27] со НВО кои се членки на координативното тело за НВО што обезбедуваат бесплатна правна помош. На информативните состаноци учествуваше и претставник на Министерството за правда, со цел да појасни одредени прашања од Законот поврзани со процесот на сертификација на НВО. На последниот состанок, што беше организиран на 7 јули 2010 година во Скопје (ден пред Законот да стапи во сила), претставниците на НВО имаа можност да дискутираат за потенцијалните проблеми поврзани со спроведувањето на Законот со претставниците на државните институции надлежни за спроведување на различни аспекти од Законот. До крајот на 2010 година, ниту една НВО не беше регистрирана како обезбедувач на бесплатна правна помош.

Бидејќи стапувањето во сила на Законот за бесплатна правна помош беше одложено за 7 јули 2010 година, методологијата за мониторинг беше изменета и беше подготвен прашалник за квалитетот на обезбедената бесплатна правна помош за корисниците на правна помош и за судиите во случаите во кои била обезбедена ваква правна помош. Освен тоа, беше спроведена и обука за мониторите. Сепак, во 2010 година бесплатна правна помош беше доделена само во 7 случаи (за дополнителни 5 случаи се чека одобрување). Од овие седум случаи, само три се судски случаи, додека другите се случаи со административна постапка и не можат да бидат мониторирани. Во 2010 година, рочиште беше закажано само за еден случај и истото беше мониторирано. Компонентата со мониторинг на судската постапка ќе продолжи и во 2011 година, во рамките на новата стратегија на Правната програма.

[24] http://soros.org.mk/dokumenti/Mediumite-i-diskriminacijata.pdf
[25] http://soros.org.mk/dokumenti/FIOOM-Ednakvosta-web.pdf
[26] http://issuu.com/fioom/docs/notes-fioom-2011
[27] Во Штип (10 јуни), Прилеп (15 јуни) и во Скопје (17 и 21 јуни).

**Слободен пристап до информации**

**Имплементатор/и:** ФИООМ
**Донатор/и:** ФИООМ и Програма за грантови за човекови права и владеење при ИОО
**Партнер/и:** Македонско здружение на млади правници, Младински образовен форум, Правен факултет „Јустинијан Први“ од Скопје, Транспарентност Македонија и Комисијата за заштита на правото на пристап до информациите од јавен карактер
**Цел:** да се промовира и да се следи спроведувањето на правото на слободен пристап до информациите преку стратегиско парничење

ФИООМ продолжува да го промовира правото на слободен пристап до информациите. Проектните активности во 2010 година се фокусираа на мониторинг на спроведувањето на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер преку поднесување барања за информации, обезбедување бесплатна правна помош и стратегиско парничење во избрани случаи; воспоставување правна клиника за слободен пристап до информациите; образување на граѓаните за нивното право на слободен пристап до информациите и за расположливите постапки и механизми за ефективно користење на ова право; лобирање за соодветни реформи на политиките и на законодавството и за ратификување на Конвенцијата за пристап до службените документи и зајакнување на капацитетите на Комисијата.

ФИООМ, во соработка со Младинскиот образовен форум и МЗМП, поднесе повеќе од 1.000 барања. Освен тоа, многу програми при ФИООМ го користеа Законот за слободен пристап со цел да добијат информации што се релевантни за нивните програми, активности и за заложбите за застапување. Во овој известувачки период, ФИООМ поднесе повеќе од 500 барања до имателите на информации од централно ниво, кои се однесуваат на јавните политики за добро владеење, антикорупцијата, јавните набавки, бесплатната правна помош, јавното здравство и приближувањето на домашното законодавство со законодавството на ЕУ. Со поддршка од ФИООМ, МОФ спроведе анкета на тема „Студентска и академска мобилност“, која се базираше на 420 барања за слободен пристап до информации поднесени до институциите кои се иматели на информации од сферата на високото образование. Резултатите се објавени во брошурата „Сонуваме да патуваме“.[28]

ФИООМ, во соработка со Младинскиот образовен форум и Правниот факултет „Јустинијан Први“ од Скопје, ја основаше правната клиника за слободен пристап до информации. Во рамките на правната клиника, студентите по право, волонтери од последипломските студии по административно право и јавна администрација, обезбедуваат информации за правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Конкретно, тие даваат насоки и помош за студентите со различна академска заднина од другите универзитети за тоа како да поднесуваат барања за информации од јавен карактер до имателите на информации. Правната клиника за слободен пристап до информациите беше промовирана со конференција за печатот. Исто така, МОФ воспостави и група за промоција на правната клиника преку социјалните мрежи, како што се Facebook, Tweeter, итн. Координаторот на проектот за слободен пристап до информациите при ФИООМ, во соработка со правниците од МЗМП, одржа четири обуки за студентите по право, волонтери од последипломските студии по административно право и јавна администрација, во кои се фокусираше на практичната

[28] http://mof.org.mk/publikacii/Studentska%20Mobilnost%2021.01.2011.pdf

постапка за слободен пристап до информациите. Обуките беа одржани на 26 април, 18 мај, 30 јуни и 24 ноември 2010 година. Дополнително на тоа, на 4 и на 7 ноември, студентите од правната клиника за слободен пристап до информации присуствуваа на две сесии на Комисијата и директно учествуваа во нејзината работа и во донесувањето на одлуките. Понатаму, во соработка со Младинскиот образовен форум, ФИООМ се застапуваше за вклучување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер во изборната настава при Правниот факултет „Јустинијан Први“. Беше потпишан договор за воспоставување изборен предмет „Слободен пристап до информации“. Студентите ќе можат да го изберат овој предмет во академската 2010–2011 година[29]. ФИООМ, во соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први“ од Скопје, ангажираше двајца национални експерти кои ќе учествуваат во подготвката на учебникот за правото на слободен пристап до јавните информации.[30]

Со цел да го подобри познавањето на правото за слободен пристап до јавните информации меѓу граѓаните, ФИООМ ги поддржа регионалните обуки што ги спроведуваше Државната комисија за правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

ФИООМ ги продолжи своите активности насочени кон подобрување на правната рамка за правото на слободен пристап до информациите во Македонија. Спроведувањето на Законот за слободен пристап до информациите покажа дека постојат празнини, технички нејасности и неконзистентност во самиот закон. За првпат по донесувањето на *Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер* (јануари 2006 година), во почетокот на јануари 2010 година[31] Законот беше подложен на значителен број измени. Во октомври 2009 година, Министерството за правда изготви нацрт-амандмани на постојниот закон во нетранспарентен процес, без учество на Комисијата, ескперти од областа или претставници на граѓанското општество. ФИООМ се застапуваше за подобрување на амандманите.[32] Иако повеќето амандмани предложени од страна на ФИООМ[33] беа усвоени, Парламентот не успеа да донесе силна одлука во корист на пристапот и прекршочната постапка да ја премести во надлежност на независна комисија. Покрај фактот дека постои правна основа за санкционирање на имателите на информации коишто незаконски го одбиваат пристапот до информациите, досега не се наметнати никакви санкции.

Правната програма продолжи да го поддржува проектот Месечни извештаи за борбата против корупцијата и состојбата во однос на транспарентноста во Република Македонија, што го спроведува Транспарентност Македонија. Проектот има за цел да придонесе во воспоставувањето постојан механизам за мониторинг од страна на граѓанското општество во однос на транспарентноста и борбата против корупцијата во Република Македонија преку издавање месечни анализи за следниве шест столбови во борбата против корупцијата: (1) економскиот и финансискиот систем; (2) политичкиот систем; (3) јавната администрација и

[29] http://www.pf.ukim.edu.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=1904&mid=848&tabId=1&tabindex=0
[30] http://soros.org.mk/dokumenti/Sloboden-Pristap-ucebnik-FOI.pdf
[31] Во 2008 година, Законот претрпе незначителни промени во однос на прекршочните санкции, со цел да се хармонизира со Законот за прекршоци што беше донесен во 2007 година.
[32] Застапувањето на ФИООМ се спроведуваше преку учество на сесиите на Парламентарниот комитет за политички систем и меѓуетнички односи во фазата на прво читање на предложените амандмани. Освен тоа, ФИООМ изготви амандмани за предложените промени и ги достави до Собранието на Република Македонија преку претседателот на Постојната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.

[33] 16 од амандманите поднесени од ФИООМ беа целосно интегрирани, а 4 беа делумно вклучени.

